АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, katí i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Бр.-Nr. 14-497/1
09.05.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ[1]**

**8.5.2023 година**

**Предмет: Препорака за измена на Услови за осигурување на моторни возила – каско**

Почитувани,

Во рамки на надлежностите на Агенцијата за супервизија на осигурување кои се однесуваат на детектирање и намалување односно отстранување на слабостите на осигурителниот систем/пазар кои влијаат врз правата на осигурениците и останатите корисници на осигурување, а врз основа на добиени претставки од осигуреници, Агенцијата изврши анализа на Условите за осигурување во рамки на класата на осигурување на моторни возила – каско на сите друштва за осигурување при што констатираше сериозни разлики во осигурителното покритие, исклучоците од опфатот на осигурување и обврските на осигурениците кои за последица предвидуваат губење на правото од осигурување во однос на овој производ меѓу друштвата за осигурување.

Утврдените разлики негативно влијаат врз довербата на осигурениците во овој производ и заштита на нивните права од осигурување поради што Агенцијата за супервизија на осигурување им препорачува на друштвата за осигурување ревидирање на нивните Услови за осигурување и евентуално нивна измена и/или дополнување заради воведување на стандардизирана пракса за решавање на штети како и минимум стандарди на осигурително покритие во однос на овој тип на осигурување на ниво на сите друштва за осигурување а кои би вклучувале:

1. во делот на одредби од Условите кои се однесуваат на обврски на осигуреникот при настанување на осигуран случај, а во однос на настанување на ризикот сообраќајна незгода, задолжителна пријава во Министерството за внатрешни работи (МВР) да се бара само во случај на настанување на "голема материјална штета", при што под "голема материјална штета" ќе се смета штета дефинирана со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата (ЗБСП). За сите останати случаи

[1] Доставено до сите друштва за осигурување кои вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

каде ризикот настанал како резултат на сообраќајна незгода, осигуреникот да нема обврска за пријава на настанот во МВР. Исклучок би биле единствено штети настанати од удар од или во животно на јавните патишта каде е предвидено плаќање на патарина, а каде би се барала пријава во МВР и во случај на "мала материјална штета" согласно ЗБСП;

2. во делот на одредби од Условите кои се однесуваат на договорен самопридржај – франшиза, доколку во текот на траењето на осигурувањето се пријават повеќе штетни настани, кај првите две исплати на штета да не се применува дополнителна франшиза;
3. во делот на одредби од Условите кои се однесуваат на опфат на осигурително покритие да се предвиди покривање на трошоците за влечење на моторното возило до најблиската сервисна работилница која е во можност да се изврши нужна или целосна поправка на возилото;
4. Во делот на одредби од Условите кои се однесуваат на губење на правата од осигурување а во однос на осигуреници кои се занимаваат со изнајмување или закуп на возила (пр. rent a car возила), да се предвиди осигуреникот да не ги изгуби правата од осигурување доколку осигурениот случај го предизвикал возач (кој го изнајмил односно зел под закуп возилото) без возачка дозвола, под дејство на алкохол или дрога при што во ваквите случаи друштвото за осигурување да има право на регрес за настаната штета од возачот на моторното возило.

Со цел поголема транспарентност и подобрена информираност на осигурениците а во насока и зголемување на довербата во овој тип на осигурителен производ, Агенцијата за супервизија на осигурување ги охрабрува друштвата за осигурување, во моментот на склучување на договорот за осигурување до осигурениците да достават документ кој содржи клучни информации за производот и обврските на осигуреникот во случај на настанување на штета.

Во документот од една страна би биле наведени клучни податоци за производот како предмет на осигурување, почеток и престанок на обврските на осигурувачот, плаќање и последици од неплаќање на премијата, обврски на договорувачот, територијално покритие, ограничувања на покритието и слично, а од другата страна би биле опишани обврските на клиентот при настанување на штета, како на пример во кој случај е или не е потребно да се повика полиција,

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

рокови за пријава на настанатата штета, обврските кои треба да ги презмеме клиентот во моментот на настанување или евидентирање на штетата и слично.

Препорака на Агенцијата е измените на Условите за осигурување на моторни возила каско со вклучување на горенавдените одредби да влезат во сила почнувајќи **од 1 јули 2023 година**, за што се задолжуваат друштвата за измената да ја известат Агенцијата на начин и рокови превидени со Законот за супервизија на осигурување.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти,**
**Крсте Шајноски**